ОПШТИНА РАДОВИШ
Бул. "Александар Македонски" бб
2420 Радовиш
Тел. +389 32 635 007
Факс +389 32 630 290
E-mail: gradonacalnik@radovis.gov.mk
ler.radovis@radovis.gov.mk

**До: МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Управа за заштита на животната средина**

**Бул."Гоце Делчев" бб. Скопје**

**Предмет: Доставување на известување за намера за изведување на проект и барање за определување на обемот на оценка на влијанието врз животната средина на проектот Прочистителна станица за третман на отпадни води во Радовиш**

Почитувани,

Со задоволство ве информираме дека Општина Радовиш планира да започне со имплементација на проектот Прочистителна станица за третман на отпадни води во Радовиш.

Проектот ќе овозможи третман на отпадните води од Радовиш и населеното место Раклиш со капацитет од 3000 $м^3$/ден. Со предложената технологијата се нуди систем за третман на отпадните води, кој ќе ги исполни сите законски прописи, ќе избегне големи инвестиции и трошоци за одржување. Во споредба со пречистителни станици со конвенционален третман потребен е малку простор и кратко време на подигање, без бучава или мирис, што овозможува реализација и во веќе изградените средини. Овој систем гарантира многу долг живот и многу ниски трошоци за одржување. А, поради одличните материјали овозможува неутрализација, намалување на COD и BOD, намалување на фосфат , нитрификација и денитрификација ,како и одвојување на талог.

Проектот вклучува активности за проектирањеи воспоставување на Прочистителна станица за третман на отпадни води во Радовиш на локација која е предвидена за таа намена со ГУП на град Радовиш.

ОПШТИНА РАДОВИШ
Бул. "Александар Македонски" бб
2420 Радовиш
Тел. +389 32 635 007
Факс +389 32 630 290
E-mail: gradonacalnik@radovis.gov.mk
ler.radovis@radovis.gov.mk

Проектот е вклучен во Прилиг I на Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката оцена на влијанијата врз животната средина (Службен весник на Р. Македонија бр. 74/2005, точка 11 – Пречистителни станици за отпадни води, со капацитет над еквивалент од 10 000 жители).

Согласно членот 80 од Законот за животна средина и релевантната секундарна регулатива, Ви доставуваме Известување за намерата за спроведување на проектот, вклучувајки пополнет Преглед со кој се утврдува потребата од оцена на влијанието врз животната средина.

Дополнително, во согласност со членовите 81 и 82 од Законот за животна средина, со овој допис бараме Вашата институција да го определи обемот на оцена на влијаниетро на проектот врз животната средина. За таа цел, во прилог на ова барање Ви доставуваме пополнета Листа на проверка за определување на обемот на оцена на влијанието врз животната средина.

Со почит,

Прилог:

- Известување за намерата за спроведување на проектот
- Листа на проверка за определување на обемот на оцена на влијанието врз животната средина

Градоначалник на
Општина Радовиш

____________________

(Др. Роберт Велков)